МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 8 став 5 од Законот за туутн, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19 и 27/20), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ЗАПИШУВАЊЕ, ПРОМЕНАТА, БРИШЕЊЕТО, ПОТРЕБНАТА ПРИДРУЖНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ, НАЧИНОТ ЗА РАКУВАЊЕ, УПОТРЕБАТА, ОБЈАВУВАЊЕТО И ЧУВАЊЕТО НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ИНФОРМАТИВНИОТ СИСТЕМ ЗА ЕВИДЕНЦИЈА НА ТУТУН

## Член 1

Во Правилникот за начинот на запишување, промената, бришењето, потребната придружна документација за запишување, начинот за ракување, употребата, објавувањето и чувањето на податоците од информативниот систем за евиденција на тутун („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.203/19) во член 2 ставот 2 се менува и гласи:

„При склучување на договорот за производство и откуп на тутун од тековна реколта за запишување на податоците во ИСЕТ се користат податоците од важечка лична карта или пасош и ИДБР на производителот на тутун.“

## Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.29-2333/3
12 февруари 2020 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Трајан Димковски,** с.р.